Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**02 октомври, 2023**

МХВБ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено / E Pranuar: | 03-10-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia organizative | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| [redacted] | | | |

**До:** Министерство за финансии
**E-mail:** finance@finance.gov.mk

**Tel:** 02 32 55 300; Fax: 02 32 55 721;
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

О
А[redacted] /
1000 Скопје, Република Северна Македонија
Tel: +389 70 985 729
E-mail: info@idea.org.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

, Скопје
k

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **Бројот на фирми кои имаат лиценци за брзи кредити**
- **Висината на одобрените кредити во текот на месецот, според општините**
- **Износот на одобрените кредити месечно, според годините 2018 - 2023 година**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација: - а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
***- г) електронски запис***
- д) друго ____________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
***- г) е-маил***
- д) друго ____________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Архивски знак/Shenja e ark... ____________
Рок на чување/Afati i ruajtjes: ____________
____________ 20 ___ год./viti
Потпис/Nënshkrim
____________

Архивски бро[redacted]
Датум: 24-10-2023

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 8 став 1, став 2 алинеја 1 и став 3 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 60/2020), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесе [redacted]
преку застапник/ [redacted]
во својство на имател на информации, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. [redacted] информации од јавен карактер, поднесено до Министер[redacted]ки Анализи -[redacted]03-11379/1 од 03.10.2023 година, **СЕ УВАЖУВА.**

2. Министерството за финансии како имател на информацијата **ОВОЗМОЖУВА** пристап и запознавање на барателот до бараните информации.

## *О б р а з л о ж е н и е*

До Министерството за финансии е доставено Барање за пристап до информации од јав[redacted] Анализи – ИД[redacted]3-11379/1 од 03.10.2023 година.

Со предметното Барање, од Министерството за финансии се бара пристап до информација *„Бројот на фирми кои имаат лиценци за брзи кредити – Висината на одобрените кредити во текот на месецот според општините – Износот на одобрените кредити месечно, според годините 2018-2023 година?"*.

Министерството за финансии, во својство на имател на информации, го разгледа предметното Барање, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер нормирани во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по предметното Барање, Министерството за финансии врз основа на информациите со кои располага, информира дека:

**1. Во однос на бројот на фирми кои имаат лиценци за брзи кредити:**

Министерството за финансии издава дозвола за основање и работа на финансиско друштво, согласно која финансиското друштво може да врши една или повеќе од финансиските активности – одобрување кредити, факторинг и/или издавање на гаранции.

Заклучно со 18.10.2023 година, на пазарот во Република Северна Македонија активно работат 35 финансиски друштва.

Министерството за финансии не издава лиценци за „брзи кредити" како што е наведено во барањето.

Истовремено, Ве известуваме дека терминот „брз кредит" не постои во нашето законодавство.

**2. Во однос на висината на одобрените кредити во текот на месецот, според општините:**

Министерството за финансии не располага со податоци за одобрени кредити по месеци, ниту по општини.

Согласно Законот за финансиските друштва, Министерството за финансии располага со годишни и полугодишни податоци за работењето на финансиските друштва.

**3. Во однос на износот на одобрените кредити месечно, според годините 2018-2023 година:**

Министерството за финансии не располага со податоци за одобрени кредити по месеци.

Согласно Законот за финансиските друштва, Министерството за финансии располага со годишни и полугодишни податоци за работењето на финансиските друштва.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Помошник раководител на Сектор
Елизабета Калачоска

ДОСТАВЕНО ДО:
- писарница
- Барателот на информацијата